Roma social housing program in Kichevo

# ПРОГРАМА ЗА СОЦИЈАЛНИ СТАНОВИ

# ЗА РОМИ ВО КИЧЕВО



This project is funded by the European

**РЕЗИМЕ**

Проектот: **Програма за социјални станови за Роми во Кичево** е дел од ИПА II програмата, финансирана од Европската Унија, а реализиран од Здружение Центар за граѓанска иницијатива – Прилеп во соработка со Општина Кичево.

Програмата за социјално домување на Ромите во Кичево е развиена со цел да се реши најголемиот проблем на ромската заедница во Кичево, а тоа е проблемот со домувањето. Преку изградба на нови станови/живеалишта за ромските семејства ќе се овозможи подобрување на условите за домување, образование и економски можности за Ромите и луѓето кои живеат во длабока сиромаштија, преку унапредување на условите за живеење и подобар пристап до социјалните услуги во заедницата. Програмата е креирана да ја поддржи ромската заедница во обезбедување на стандардни станови, која преку инфраструктурата и изградбата на станови ќе го реши проблемот со домувањето на најмалку 30 семејства. Во исто време програмата ќе придонесе кон обезбедување на адекватни услови за вистинска промена на целните групи. Програмата за социјално домување обезбедува кохерентен и сеопфатен пристап кон потребите за домување на Ромите (т.е комбинација на активности спроведени во неколку фази, почнувајќи од дизајнирање и изградба на домови, избор на најранливи семејства и нивно вдомување во новоизградените станови).

Програмата за социјално домување е пристап кој може да ги таргетира семејствата со ниски примања (во овој случај ќе се „пилотираат" ромските семејства бидејќи се изложени на најголем ризик и живеат во подстандардни услови) со цел да се одговори на правото на живот, слобода и лична безбедност (чл. 3 од Универзалната декларација за човекови права). За да може да се развие одржлив модел на програмата за социјално домување, искуствата од странските земји ќе се користат и ќе се прилагодат на условите во нашата земја, а особено во општина Кичево.

Програмата е обликувана во согласност со Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014-2020 година, која е насочена кон 5-те најважни сектори за ромската заедница и тоа: вработување, образование, домување, здравство и култура. Стратегијата е добро развиена, имајќи ги во предвид сите релевантни случувања за поддршка на ромската заедница во земјата.

Во рамките на Стратегијата, Министерството за труд и социјална политика веќе се обврза за подобрување на условите за живот на ромската заедница, на петте

најрелевантни аспекти и тоа: вработување, образование, домување, здравје и култура. Во овој период на спроведување на стратегијата и сите други релевантни проекти кои ја поддржуваат ромската заедница, најголем напредок е постигнат во областа на образованието. Беа спроведени проекти за социјално домување на ранливи групи, но многу често ромските семејства не беа во можност да стигнат до социјалните станови поради недостаток на потребни документи.

Во рамките на Националниот акционен план за Ромите 2016-2020 година, еден од предвидените резултати е обезбедување социјално домување за ромските семејства од особено ранливите категории.

И покрај тоа што државата има сеопфатно стратешко и акционо планирање во однос на потребите на ромската заедница, државата е ограничена главно поради недостаток на средства и недостаток на соодветни капацитети за спроведување на акциите за социјално домување. Во рамките на изработка и имплементација на програмата, вклучени се неколку иновативни елементи кои можат да одговорат на делот на недостаток на средства, а тоа е соработката со бизнис секторот што може да обезбеди средства, а општините и владата ќе можат да обезбедат услови за градба.

Во однос на законодавството, во земјата сеуште недостасува Законот за социјално домување и Недостаток на секундарно законодавство за субвенционирање на закупнини и други трошоци за домување на социјално ранливите Роми. Во рамките на Законот за социјална заштита се споменува само правото на социјално домување.

Главна цел на проектот е да се развие Програма за социјално домување на Роми и други ранливи групи, каде што најмалку 30 ромски семејства ќе добијат нов дом и ќе се вклучат во програмата. Локалните власти превземаат одговорност за обезбедување на подобри услови за живот за ромската заедница

Со цел да се постигне реализација на програмата, истата се фокусира на создавање на меѓуинституционални партнерства за управување со програмата преку развој на проценка на потребите, развој на програмата за социјално домување, развој на критериумите за избор, развој на апликативниот пакет и список на потребни документи. Со овој начин се обезбедува можност за подобрување на соработката помеѓу институциите.

**Содржина на програмата**

Со оваа програма се уредуваат административните работи и постапката за социјално домување на Роми во општина Кичево.

Програмата е специфично дизајнирана за да воведе нов пристап за социјално домување за ромската заедница и на институциите одговорни за обезбедување на правата на заедницата. Тоа е пристап на кој работи оваа програма преку воспоставување соработка помеѓу институциите и зголемување на нивните капацитети, пристап до различни фондови, но исто така и стимулирање на корпоративна општествена одговорност на локалните компании. Програмата е дизајнирана да поттикне промена на перспектива на гледање на ромската заедница како „бескорисни членови кои не прават никакви напори за нивно подобрување “, туку да почнат да ги гледаат како лица што кога ќе им се даде шанса може да дадат многу поголеми успеси.

Преку развој на пилот програма за социјално домување, ќе се обезбеди одржлив модел на директна поддршка на ромските семејства, особено во поддршка за домување, а за возврат членовите на ромските семејства ќе плаќаат закупнина за добиениот социјален стан.

Програмата е развиена со цел да се идентификуваат потребите и да се зголемат капацитетите на следните групи:

- **Ромски семејства** – повеќе од 150 ромски семејства беа вклучени во процесот на анкетирање/оценување на потребите. Понатаму 30 ромски семејства ќе бидат избрани да ги добијат социјалните станови. Овие ромски семејства имаат многу потреби, меѓу кои: големината на живеалиштето каде што е забележана најранливата зона (зона каде што има живеалишта со најмала површина) е во Прилепска населба, 17% каде што живеалиштата се под категорија 17-30м2. Тие се ограничени од сопственоста на живеалиштето, во смисла недостаток на правна документација за сопственост.

- **Општински работници** – општински работници, вклучувајќи ги и членовите на Општинскиот Совет што беа назначени од градоначалникот, кои се вклучени во процесот на развој на Програмата за социјално домување и негово реализирање. Преку нивното вклучување во процесот на спроведување на програмата го зголемуваат своето ниво на познавање за ромската заедница. Исто така, тие учат како да ги развиваат програмите и како да го спроведат повикот за аплицирање за следните години.

-

**ЈУ Меѓуоптштински Центар за социјална работа во Кичево** – претставници на Центар за социјална работа од Кичево се вклучени во програмата. Тие добро ја познаваат ромската заедница, но имаат потреба од ресурси за развој на програмата за социјално домување. Преку вклучување во оценувањето на потребите и развојот на самата програма, тие последователно го зголемуваат своето знаење и директно работат со заедницата поддржувајќи ја програмата.

- **Граѓански организации во Кичево** – преку нивното вклучување во програмата, се зголемуваат нивните вештини и способности, а истовремено се директно поврзани со заедницата.

За подобрувањето на условите за живот на ромската заедница користени се холистички активности од сите релевантни засегнати страни кои можат да придонесат кон реализација на програмата за социјално домување.

Решавањето на проблемот за домување претставува сложен процес за кој е потребно многу вложувања на различни нивоа. Имајќи го тоа во предвид и фактот дека бројот на семејства на кои им е потребна поддршка е значително поголем од бројот на семејства што можат да бидат поддржани со оваа програма, беше направен развој на методологијата за оценување на потребите на семејствата што живеат особено во „Прилепска“ населба. Со цел да се добијат поконкретни податоци, се користеа заеднички средби, каде што беа вклучени самите жители во истражувањето. Проценката на потребите беше од особено значење и важен чекор што обезбеди информации за понатамошното спроведување на социјалните услуги кои ја поддржуваат социјалната вклученост на ромската заедница.

Комуникацијата со бизнис секторот и воспоставувањето на јавно-приватно партнерство за поддршка на програмата за социјално домување е една од иновативните компоненти на оваа програма.

**Методологија на Програма за социјално домување на Роми**

Заради самата природа, сите засегнати страни треба да одржат холистички пристап за планирање, спроведување и управување на целата програма во областа на интервенцијата. Предлогот е заеднички дискутиран и обликуван, на партиципативен начин, во соработка помеѓу релевантните засегнати страни. Користени се следниве главни методи во процесот на изработка на програмата:

**Собирање и анализа на податоци од страна на експерти**: иако состојбата со целните групи беше внимателно разгледана, при подготовка на програмата важно беше да се соберат дополнителни информации што ќе ја опфатат целната група со цел да се идентификуваат нивните потреби што е можно повеќе.

**Размена на искуства**: Искуствата од австриските експерти ја зголемуваат ефективноста на акцијата. Детално беше обработена историјата на социјалните станови во Виена, од нејзините почетоци до денешните нови градежни проекти кои моментално се развиваат во Виена со инструментите за социјално домување. Увид во темите за субвенции за домување, набавка на градежно земјиште и законските рамки кои ја формираат основата на виенскиот модел на социјални станови, мерки за реновирање и заштитата на климата. Градежниот сектор има најголема улога за остварување на целта и создавање здрави и одржливи животни средини. Подетално беа разгледани актуелните предизвици со кои се соочува станбениот сектор и решенијата кои новоизградените проекти ги нудат.

**Олеснување во создавањето на јавно-приватни партнерства**: недостаток на системско финансирање за решавање на социјалните проблеми е проблем што постои со години. Од друга страна, постојат приватни ентитети/субјекти кои добро се снаоѓаат во овој поглед и се заинтересирани за практикување на општествено одговорните деловни практики. Покрај тоа, тие можеби ќе бидат заинтересирани за придобивките што можат да ги обезбедат локалните и националните власти, во замена за нивното учество во финансирањето на некои од активностите кои се дел од проектот.

**Процедура на јавна селекција**: Во случај кога бројот на потенцијални корисници е многу поголем од бројот на можните корисници кои имаат придобивки од програмата, многу е важно изборот да се базира на јасни, фер и недискриминаторски критериуми. Процесот на евалуација треба да биде непристрасен и транспарентен и јасно комунициран со целната група со цел да се намалат негативните реакции на минимум.

**Изградба**: Изградбата на становите за домување на семејствата кои имаат најголема потреба од нив е од суштинско значење за започнување на решавање на прашањата за социјална вклученост за овие целни групи. Без соодветно домување на оваа целна

група нема можност да се разговара за вработување, образование, култура па дури и околу здравствени проблеми.

**Видливост, информирање и комуникација**: со оглед на темата која е многу чуствителна како и за ранливите ромски групи така и за останатите жители, информирањето и комуникацијата се од многу голема важност за да се зголеми ефективноста на програмата. Соодветното информирање и комуницирање се важни во рамките на целната група бидејќи не сите ќе имаат целосна корист од програмата. Оние на кои нема да им се решат проблемите со домувањето треба да имаат разбирање за оние на кои тоа им е поголем проблем од нив. Населението што не припаѓа на ромските групи треба да биде сензибилно за проблемите во оваа група и зошто е важно да се учествува во социјалното вклучување на овие групи за придобивките на целата популација.

Со цел да се постигне реализација на програмата, истата се фокусира на создавање на меѓуинституционални партнерства за управување со програмата преку развој на проценка на потребите, развој на програмата за социјално домување, развој на критериумите за избор, развој на апликативниот пакет и список на потребни документи. Со овој начин се обезбедува можност за подобра соработка помеѓу институциите.

Пристапот на методологијата на подготовка на програмата за социјално домување се заснова на следниве столбови:

- Партиципативен пристап во сите фази на програмата – сите клучни засегнати страни и целните групи беа вклучени во спроведувањето на активностите;

- Блиска соработка со релевантните засегнати страни и институции – работната група е составена од претставници на релевантните институции со цел да се воспостави блиска соработка меѓу нив што ќе продолжи и во иднина;

- Следење на развојот поврзан со резултатите на програмата – еден од главните исходи на проектот е развој на програмата за социјално домување преку воспоставување на јавно-приватни партнерства што ќе овозможат продолжување на програмата и можно реплицирање и во други општини;

- Обезбедување флексибилен пристап прилагодувајќи се на било какви промени побарани за време на спроведувањето на програмата, кои се однесуваат на побарувачката и потребите на целните групи.

**Фази на подготовка на Програма за социјално домување на Роми**

За подготвување на програмата за социјално домување претходеа низа активности со цел да се добие целосна слика.

**Изработка и развој на прашалници**: Врз основа на Извештајот на социјално мапирање и развиената методологија, беше изработен прашалник за квантитативно истражување на жителите во населба „Прилепска". Пристапот на методологијата вклучуваше комбинација од квалитативен пристап на учество и квантитативни методи базирани на средби за земање примери со цел да се обезбеди порелевантно согледување на состојбата на ромската населба „Прилепска", а исто така беа опишани карактеристиките на Ромите во однос на домувањето, образование, здравство, вработување, инфраструктура итн. Квалитативниот пристап се заснова на интеракција со членовите на заедницата и дискусија за нивните потреби, начин на живот и предизвиците со кои се соочуваат.

**Собирање податоци на терен од страна на теренски работници**: Собирањето на податоци се спроведуваше директно на терен во заедницата. Процесот на собирање на податоци се спроведе преку прашалници и директни интервјуа со сите жители од населбата „Прилепска". Експертите имаа поддршка од страна на членовите на локалната заедница кои се веќе запознати со заедницата и се препознатливи од истата.

**Анализа на проценката од страна на надворешни стручни лица и изготвување нацрт на проценка на потребите:** По завршувањето на собирањето на податоци, експертите подготвија извештај што всушност се искористи како основа за развој на Пилот Програмата за социјално домување, вклучувајќи и подготвување на формулари за апликацијата и список на документи потребни за апликацијата на програмата.

**Формирање на Тим за развој на програмата за социјално домување:** тимот за развој на програмата е составен од 5 члена од општината, 5 члена од ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа во Кичево, 5 члена од граѓанскиот сектор и 2 експерти. Улогата на тимот се состои од разгледување на резултатите од анализата и развивање на пилот програма за социјално домување во општината што може да се користи во иднина не само за ромската заедница туку и за други ранливи групи.

**Размена на искуства од Виена за развој на програмата за социјални станови за Роми и маргинализирани групи:** еден од најуспешните методи на социјално домување во Европа е Програмата за социјално домување во Виена која функционира од минатиот век, ажурирана во 1980 година со креирање на јавно-приватно партнерство во корист

на програмата за социјално домување. Со цел да го пренесат искуството од програмата во Виена, двајца експерти од Виена присуствува на 3-дневен работен состанок на кој беа презентирани историјата и развојот на програмата за социјално домување, напредокот и методите за развој на јавно-приватно партнерство во корист на социјалното домување. Со оваа размена на искуства се обезбеди увид на работниот тим и им овозможи не само да ја развиваат програмата, туку да можат истата да ја презентираат пред Министерството за труд и социјална политика и да започнат процес за пренесување на програмата и во другите општини во земјата.

**Фази на имплементација на Програма за социјално домување на Роми**

***Процес на избор на директни корисници (семејства) за програмата***

Семејствата што ќе станат крајни корисници на програмата за домување ќе бидат избрани преку транспарентна и фер процедура, особено во делот на проценка на потребите и пилот програмата.

**Фаза 1: Формирање на комисија за евалуација**

Во првата фаза на пилот програмата се формира работната група за следење на процесот за социјално домување и доделување на социјалните станови. По собирањето на апликациите, работната група, од своите членови ќе избере комисија за евалуација составена од 7 члена, дополнета со координаторот на проектот како претседател, асистент менаџерот на проект како секретар и финансискиот администратор како советник ќе бидат членови без право на глас.

Комисијата за евалуација ќе соработува и ќе ги дава потребните информации за лицата кои се вклучени во процесите за добивање на социјален стан, без надоместок.

Комисијата за евалуација на процесот за социјално домување ќе биде надлежна да го организира, спроведува и да врши надзор над извршувањето на процесот.

**Фаза 2: Објавување на јавен повик за доставување на документи за добивање на социјален стан**

Во повикот ќе бидат наведени сите услови и критериуми според кои ќе се води Комисија за евалуација на процесот за распределување на социјален стан.

**Фаза 3: Спроведување на процес на консултации со населението**

Тим составен од лица од општина Кичево, ЈУ Меѓуопштински Центар за социјални работи и граѓанскиот сектор ќе организира процес на консултации со ромското население, со посебен фокус на улица Прилепска, каде ќе биде детално опишана програмата, одговорностите на крајните корисници и придобивките од истата. Во исто време ќе биде објаснет и процесот на аплицирање и сите потребни документи за апликацијата што ќе треба да се пополнат.

**Фаза 4: Објавување на повикот за аплицирање**

По комплетирањето на сите потребни документи за програмата за социјално домување, работната група објавува повик за аплицирање со посебен акцент на заедницата што живее во населбата „Прилепска" во Општина Кичево. Секој локален медиум ќе се користи за информирање на ромската заедница за повикот, а исто така во делот информирање ќе учествуваат и претставниците од ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа.

**Фаза 5: Организирање на отворено биро за пополнување на апликациите**

Во рамките на канцелариите на Совет на Општина Кичево ќе се отвори биро за поддршка на процесот на пополнување на апликациите. Службеник во бирото ќе им пружи поддршка на ромските семејства информирајќи ги за документите потребни за аплицирање, како и пополнувањето на формуларите и овозможувајќи им да го завршат административниот дел навремено и во утврдениот рок.

**Фаза 6: Евалуација на примените апликации**

Комисијата за евалуација ќе ги анализира апликациите во согласност со критериумите објавени во апликативниот пакет и ќе ги избере најрелевантните 30 семејства кои ги исполнуваат критериумите на програмата.

Најпрво ќе се изврши административна селекција, најкасно до 30 јуни 2023 година, на поднесените апликации во однос на исполнетоста на предвидените критериуми односно ќе се изврши административна елиминација на апликантите со непотполна документација, а потоа ќе се изврши непосреден увид на адресата на апликантот кој ја поминал административната селекција. Доколку има доволно апликации од улицата (населбата) "Прилепска" кои имаат предност согласно оваа програма, ќе се изврши непосреден увид само кај тие апликанти, а доколку од истата улица има повеќе од 30 апликанти тогаш ќе се изврши селекција по однос на условите за бодување. По извршениот непосреден увид на лице место во однос на фактичката проверка на поднесената апликација ќе се дефинира конечен список, најкасно до 31 јули 2023, кој

понатаму ќе се презентира пред општинскиот совет кој ќе донесе и конечна одлука, најкасно до 31 август 2023 година.

**Фаза 7: Поддршка при преселување на избраните семејства во новите домови**

Откако становите ќе бидат завршени, ќе следува и процесот на избор на крајните корисници на истите. Проектниот тим заедно со општината и претставниците од ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа ќе ги поддржат избраните семејства во процесот на преселување во новите станови.

**Одржливост на Програмата за социјално домување**

***А. Финансиска одржливост:***

Програмата за социјално домување е составена од различни компоненти, вклучувајќи ја и компонентата на финансиското управување. Ова значи дека во текот на изработката на програмата се користи најдобриот соодветен модел за плаќање на закупнината земајќи го во предвид постојаното законодавство во рамките на Законот за социјална заштита (начините на користење на финаниските субвенции за домување). Ова ќе овозможи општината да ги собере средствата од закупнината што ќе се користат за одржување на становите. Во годишниот план за буџет, општината ќе вклучи линија на буџетот за социјални станови што ќе биде наменета за јавно-приватното партнерство во бизнис секторот. Во исто време, општината ќе усвои документ што ќе ги опише условите за јавно-приватно партнерство. Бизнис секторот ќе започне инвестирање на изградба на станови од кои дел ќе и биде даден на општината за да ги користи за програмата за социјално домување.

***Б. Институционална одржливост:***

Имајќи во предвид дека општината е партнер на програмата, сите членови во работните групи ќе бидат членови избрани од општината и од институциите. Во исто време, тие ќе продолжат со спроведувањето на програмата, бидејќи таа ќе биде вклучена во општинското годишно планирање.

***В. Одржливост на политичко ниво:***

На политичко ниво, ова ќе биде пилот програма за социјално домување користејќи го методот на ефективно докажани јавно-приватни партнерства, што ќе придонесе за унапредување на законодавството за социјално домување. Дополнително, заради интензивните активности на комуницирањето и промоцијата, ставовите на целните групи, но уште поважно од општата популација и од релевантните органи ќе бидат подобрени во однос на прашањата за социјална вклученост на ромското население.

*Г. Одржливост на животната средина*

Изградбата на становите ќе има сертификат за заштита на животната средина, па така изведувањето на акцијата нема да има негативен ефект врз животната средина.

**ЈАВЕН ПОВИК - Постапка, услови и потребни документи за аплицирање за Програмата за социјално домување**

Со овој јавен повик се распределуваат вкупно 30 социјални станови за Роми во општина Кичево во станбени згради на улица „Станбена улица број 4“ бб во Кичево изградени по проект: Програмата за социјални станови за Роми во Кичево, финансиран од ЕУ, имплементиран од Центар за граѓанска иницијатива Прилеп и општина Кичево.

**Барање за добивање на социјален стан за користење под закуп може да поднесуваат:**

**Лица припадници на Ромската заедница социјално загрозени согласно Стратегијата за Ромите на Република Северна Македонија.**

- На лицата им се распределува социјален стан под закуп ако ги исполнуваат условите и ја имаат доставено потребната документација согласно објавениот оглас.

**Услови и потребна документација за лицата потенцијални корисници на социјални станови -** припадници на Ромската заедница социјално загрозени согласно Стратегијата за Ромите на Република Северна Македонија

- Да се државјани на Република Северна Македонија;

- Да се припадници на Ромската заедница;

- Да се корисници на гарантирана минимална помош;

- Да се со постојано место на живеење во општина Кичево (предност имаат жителите на улица „Прилепска“);

- Лицето, неговиот брачен другар и сите членови на неговото заедничко домаќинство да немаат стан, куќа или куќа за одмор во нивна сопственост на територија на Република Северна Македонија

- Да не се станбено обезбедени од страна на Република Северна Македонија по било кој основ.

**Лицата при аплицирање за добивање на социјален стан под закуп потребно е да ја приложат следната документација до ЕЛС Кичево:**

- Потврда од Ромските информативни центри или Невладини Ромски организации кои се регистрирани во општина Кичево каде е изграден социјалниот стан, дека лицето е евидентирано како лице припадник на Ромската заедница;

- Потврда од ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа во општина Кичево каде е изграден социјалниот стан, дека лицето/та е корисник на гарантирана минимална помош;

- Уверение за состојба за остварен доход за претходната година, издадено од страна на Управата за јавни приходи за лицето, неговиот брачен другар и сите полнолетни членови на неговото заедничко домаќинство;

- Уверение за евидентиран - запишан недвижен имот издадено од Агенција за катастар на недвижности на Република Северна Македонија за лицето, неговиот брачен другар и сите полнолетни членови на неговото заедничко домаќинство;

- Уверение за државјанство за лицето, неговиот брачен другар и сите полнолетни членови на неговото заедничко домаќинство;

- Фотокопија од важечка лична карта за лицето, неговиот брачен другар и сите полнолетни членови на неговото заедничко домаќинство со постојано место на живеење во општината каде е изграден социјалниот стан;

- Извод од матична книга на родени за лицето и сите членови на неговото заедничко домаќинство;

- Доколку некој од заедничкото домаќинство остварува прилив на средства - треба да достави потврда за висината на приливот на средства за последните три месеци од институцијата (претпријатието/друштвото) од каде е приливот на тие средства;

- Доколку некој од заедничкото домаќинство учествува во активните мерки за вработување во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија - треба да достави договор за учество во одделна програма односно мерка за вработување;

- Потврда од Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје дека лицето, неговиот брачен другар и сите полнолетни членови на неговото заедничко домаќинство не се корисници на стан под закуп на територија на Република Северна Македонија по било кој основ;

- Доколку лицето или член од неговото заедничко домаќинство се со одредена попреченост да се достави Решение од Центарот за социјална работа за остварување на правото на надоместок за попреченост или правото на посебен додаток;

- Потврди за редовно школување за децата кои се на редовно школување

**Потребната документација лицата ја поднесуваат до:**

-Службеникот на бирото во канцелариите на Совет на Општина Кичево, улица „Маршал Тито” бр.257 - Инспекторат во Кичево.

Документацијата треба да биде во оригинал или препис заверен на нотар и истата не може да биде постара од 6 (шест) месеци, освен документите кои се обележени од надлежен орган како трајни.

За лицата кои не се во можност сами да ја комплетираат потребната документација, им стои на располагање Бирото за поддршка на процесот на пополнување на апликациите. Службеникот на Бирото ќе им пружи поддршка на ромските семејства информирајќи ги за документите потребни за аплицирање, како и пополнувањето на формуларите и овозможувајќи им да го завршат административниот дел навремено и во утврдениот рок.

Потребната документација која лицата ја поднесуваат треба да биде доставена заклучно со 30.04.2023 година.

**Начин за доставување на документација:**

Целокупната документација треба да биде доставена до Службеникот на бирото во канцелариите на Совет на Општина Кичево во затворен плик со назнака: “Документација за Програма за социјално домување“. Затворените пликови ќе бидат преземени од Архивата на општина Кичево и ќе бидат соодветно заверени со архивски број. Копија од архивскиот број ќе биде доставен и до подносителот на документацијата.

Целосната документација треба да биде доставена најдоцна до 30 април 2023 година до 16 часот.

Комисијата за евалуација ќе ги анализира апликациите во согласност со критериумите објавени во апликативниот пакет и ќе ги избере најрелевантните 30 семејства кои ги исполнуваат критериумите на програмата.

По дефинирање на конечниот список, истиот ќе биде презентиран на општинскиот совет и советот ќе донесе конечна одлука што ќе биде објавена во службениот весник на општината.

Социјалните станови ќе се распределуваат согласно **Методологијата за бодирање на кандидати за добивање на социјален стан под закуп.**

## <u>МЕТОДОЛОГИЈА ЗА БОДИРАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ДОБИВАЊЕ НА СОЦИЈАЛЕН СТАН ПОД ЗАКУП</u>

Максималниот број на бодови што може да го добијат лицата од оваа одлука е **100 бода.**

Бодирање на **лицата потенцијални корисници на социјални станови -** припадници на Ромската заедница социјално загрозени согласно Стратегијата за Ромите на Република Северна Македонија, кое ќе се применува доколку на објавен оглас вкупниот број на обрасци за апликативни листи од оваа корисничка група е поголем од вкупниот број на социјални станови наменети за распределба:

-По основ на број на членови во заедничко домаќинство - вкупно **бодови 20.**

1. до 2-члена - 5 бода
2. до 3 члена - 10 бода
3. до 4 члена - 15 бода
4. до 5 члена - 20 бода

Над 5 члена - нема да биде бодирано.

- По основ на вкупен расположлив прилив на средства по член на заедничко домаќинство – вкупно **20 бодови.**

1. Расположлив прилив по член до 50 евра во денарска противвредност - 20 бода
2. Расположлив прилив по член од 51 до 60 евра во денарска противвредност - 15 бода
3. Расположлив прилив по член од 61 до 70 евра во денарска противвредност - 10 бода
4. Расположлив прилив по член над 70 евра во денарска противвредност - нема да биде бодирано.

- Примањата по основ на попреченост не се засметуваат во вкупниот приход

-По основ на Старосната структура на заедничко домаќинство – вкупно **бодови 20**

1. 1 член до 18 години (или над 65 години) - 5 бода

2. 2 члена до 18 години (или над 65 години) - 10 бода

3. 3 члена до 18 години (или над 65 години) - 15 бода

4. 4 члена до 18 години (или над 65 години) - 20 бода

- Без разлика, членовите до 18 години и над 65 години носат ист број на бодови.

-По основ на попреченост - вкупно **бодови 10.**

1. 1 член во семејството со попреченост - 3 бода

2. 2 члена во семејството со попреченост- 5 бода

3. 3 члена во семејство со попреченост - 7 бода

4. Над 3 члена во семејство со попреченост- 10 бода

- По основ на активно учество во програмите за вработување или вработеност – вкупно **бодови 10**

1. 1 член – 5 бода

2. над 2 члена – 10 бода

- Корисници на правото на гарантирана минимална помош по основ на број на членови во заедничко домаќинство - вкупно **бодови 10.**

1. до 2 члена - 3 бода

2. до 3 члена - 5 бода

3. до 4 члена - 7 бода

4. над 4 члена - 10 бода

- Да се со постојано место на живеење во општина Кичево (предност имаат жителите на улица „Прилепска“) - **10 бода**

Становите се дизајнирани да бидат со површина од 45м2. Вклучувајќи една дневна соба со кујна, една спална соба и бања со тоалет. Конструкцијата ќе ги опфати сите комунални приклучоци (вода, електрика, канализација) според стандардите обезбедени од комуналното претпријатие во општината. Становите ќе бидат опремени со кујнска опрема и опрема за во бања. Сите материјали што се користат во изградбата на становите според стандардите вклучуваат и изолација, ПВЦ прозорци со двојно стакло.

Следува табела од Изградба на А2 – станбена зграда – Програма за социјални станови за Роми во Кичево

**Објект - СТАНБЕНИ ЗГРАДИ на улица „Станбена улица број 4“ бб во Кичево изградени по проект: Програмата за социјални станови за Роми во Кичево, финансиран од ЕУ, имплементиран од Центар за граѓанска иницијатива Прилеп и општина Кичево**

| РЕДЕН БРОЈ | ЗГРАДА | ВЛЕЗ | КАТ | БРОЈ НА СТАН | НЕТО ПОВРШИНА НА СТАН (м$^2$) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 1 | 1 | пр | 1 | 45 |
| 2. | 1 | 1 | пр | 2 | 45 |
| 3. | 1 | 1 | пр | 3 | 45 |
| 4. | 1 | 1 | пр | 4 | 45 |
| 5. | 1 | 1 | пр | 5 | 45 |
| 6. | 1 | 1 | пр | 6 | 47 |
| 7. | 1 | 1 | пр | 7 | 46 |
| 8. | 1 | 1 | 1 | 8 | 45 |
| 9. | 1 | 1 | 1 | 9 | 45 |
| 10. | 1 | 1 | 1 | 10 | 45 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 11. | 1 | 1 | 1 | 11 | 45 |
| 12. | 1 | 1 | 1 | 12 | 45 |
| 13. | 1 | 1 | 1 | 13 | 47 |
| 14. | 1 | 1 | 1 | 14 | 46 |

| РЕДЕН БРОЈ | ЗГРАДА | ВЛЕЗ | КАТ | БРОЈ НА СТАН | НЕТО ПОВРШИНА НА СТАН ($м^2$) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 2 | 1 | пр | 1 | 45 |
| 2. | 2 | 1 | пр | 2 | 45 |
| 3. | 2 | 1 | пр | 3 | 45 |
| 4. | 2 | 1 | пр | 4 | 45 |
| 5. | 2 | 1 | пр | 5 | 45 |
| 6. | 2 | 1 | пр | 6 | 45 |
| 7. | 2 | 1 | пр | 7 | 45 |
| 8. | 2 | 1 | пр | 8 | 45 |
| 9. | 2 | 1 | 1 | 9 | 45 |
| 10. | 2 | 1 | 1 | 10 | 45 |
| 11. | 2 | 1 | 1 | 11 | 45 |
| 12. | 2 | 1 | 1 | 12 | 45 |
| 13. | 2 | 1 | 1 | 13 | 45 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 14. | 2 | 1 | 1 | 14 | 45 |
| 15. | 2 | 1 | 1 | 15 | 45 |
| 16. | 2 | 1 | 1 | 16 | 45 |